Bundesamt
für Migration
und Flüchtlinge

RÜCK KEHR

# Информации за доброволно враќање

MAZEDONISCH

## Што се случува ако Вашето барање за азил биде одбиено?

Заедно со **одбивањето на барањето за азил**, ќе бидете информирани за рокот до кој треба да ја напуштите земјата. Овој период е обично **од една недела до 30 дена. Доколку во овој период не ја напуштите земјата доброволно, може насилно да бидете вратени во Вашата земја на потекло** (репатријација). Трошоците за Вашата репатријација треба да ги платите сами и повеќе години нема да можете легално да влезете во Германија или во друга земја на ЕУ (забрана за влез). Не можете да останете во Германија без валидна дозвола за престој: мора да очекувате во секое време апсење од полицијата и враќање во Вашата земја на потекло. **Користете ја опцијата за доброволно враќање пред да се започнат мерките за прекинување на Вашиот престој.**

## Доброволното враќање во Вашата земја на потекло е финансирано од германската држава

Програмите за враќање и реинтеграција нудат широк опсег на помош - на пример, ако немате пари сами да платите за Вашето заминување. За оние кои доброволно се враќаат во одредени земји на потекло, достапна е дополнителна поддршка за да им се олесни да започнат одново во нивната земја на потекло. Финансирањето Ви овозможува самостојно да ја напуштите земјата и внимателно да го подготвите Вашето заминување.

## Каква поддршка може да добиете?

**Програмата за враќање** Ви нуди организациски и финансиска поддршка кога доброволно ќе ја напуштите земјата.

- Подмирување на патни трошоци
- Исплата на значителна финансиска поддршка
- Подмирување на медицински трошоци



Различни **програми за реинтеграција** можат да Ви помогнат во новиот почеток во земјата на потекло.

- Мерки за стручна квалификација
- Помош со наоѓање работа
- Поддршка при започнување мал бизнис
- Поддршка за домување
- Консултација и поддршка во социјални и медицински прашања

## Каде можете да добиете повеќе информации?

На информативниот портал за доброволно враќање **www.ReturningfromGermany.de** можете да добиете информации за земјите на потекло и програмите за враќање и реинтеграција, а можете и да ја користите централната функција за пребарување, за да го најдете најблиското Советувалиште за враќање. Покрај тоа можете да ја користите телефонската линија Rückkehrhotline на BAMF: **+49 911 943 - 0**



## Советувалиштето за враќање ќе Ви помогне дополнително

Ако Ве интересира доброволното враќање во земјата на Вашето потекло, можете да ја контактирате за какви било прашања Советувалиштето за враќање.

- Советите на Советувалиштето за враќање се безплатни.
- Советувалиштето ќе Ве поддржи во организирањето и подготовката на Вашето заминување, во поднесувањето на апликации за финансирање и, доколку е потребно, во аплицирањето за понатамошна помош.
- Ќе добиете поддршка и за добивање на привремена патна исправа, доколку немате валиден патен документ.
- За да можете да разберете сè за време на консултациите, ќе биде обезбеден преведувач. Меѓутоа, може да донесете и некого со Вас во советувалиштето за враќање, кој ќе Ви преведува.

## Дали е можно доброволно враќање во секое време?

Доброволното враќање, исто така, отвора нови можности и перспективи во нивната земја на потекло за азиланти, чија процедура за азил сè уште не е завршена и за луѓето на кои веќе им е одобрен престој.

**Можете да одите на советување за враќање додека постапката за азил сè уште е во тек.**
**Ова нема ефект врз исходот на постапката.**



**Дали сте заинтересирани за доброволно враќање?**
**Закажете состанок со најблиското Советувалиштето за враќање**

Не постои законско побарување на поддршка за доброволно враќање. Поддршката може да се додели само еднаш за секој поединец. Ако повторно влезете во Германија или не ја напуштите земјата, доделената поддршка може да се бара назад.